АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 19.04.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2005 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за издавачка дејност БИРО ПРЕС ДОО Скопје, издавач на месечниот магазин „Порта3“

3. **Датум на извршување на надзорот:** 19 април 2018 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши на исполнувањето на обврската од член 15 став 2 од Законот за медиуми, според која издавачите на печатен медиум се должни податоците за сопственичката структура, односно податоците за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување, да ги објават во најмалку еден дневен весник, еднаш годишно, најдоцна до 31 март во тековната година и исечок од објавата да му достават на надлежното регулаторно тело во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

5. **Претходно изречена мерка:** нема

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Друштвото за издавачка дејност БИРО ПРЕС ДОО Скопје не ја исполни обврската од член 15 став 2 од Законот за медиуми.

7. **Опис на прекршувањето:** Друштвото за издавачка дејност БИРО ПРЕС ДОО Скопје не ги објави во дневен весник податоците за сопственичката структура и до Агенцијата не достави исечок од објавата.

8. **Предлог мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 15 став 2 од Законот за медиуми, а согласно член 15 став 6 од овој Закон, се дава следната предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Друштвото за издавачка дејност БИРО ПРЕС ДОО Скопје и согласно Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (бр.01-

6039/1 од 20.10.2015 година), да му даде рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со Законот за медиуми и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил) по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***